2025/26

# Брошура



ООУ „Гоце Делчев“

Демир Хисар

***Мисија***

„Создаваме демоктратски вредности, инклузивност и мултикултурализам“

***Визија***

„Подготовка на ученици спремни за следење на технолошките трендови со развиена способност за критичко мислење“

***Цели на училиштето***

- Обезбедување на современи услови за работа;
- Примена на активни методи и техники на учење и оценување на постигањата на учениците;
- Јакнење на тимската работа;
- Градење креативни и морални личности кои ќе се интегрираат во современите текови на животот;
- Перманентна грижа за здравјето на учениците;
- Да се практикува демократијата
- Зајакнување на комуникацијата и добри врски помеѓу училиштето, семејството и заедницата;
- Да се почитува гласот на учениците

***Мото***

**„ЗАЕДНО ДО УСПЕХ И КВАЛИТЕТ“**

**Цели на основното воспитание и образование**

- стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование;
- хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо;
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик;
- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;
- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;
- развивање свест кај учениците за припадност на Република Северна Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет;
- воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции;
- усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно делување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции;
- развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;
- вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби;
- развивање на надареноста на учениците во различни области, и
- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

## Информации за училиштето

Општинското основно училиште "Гоце Делчев" Демир Хисар се состои од едно деветгодишно училиште со седиште во Демир Хисар и 6 петгодишни училишта во населбите: Суводол, Вардино, Света, Единаковци, Журче и Слепче. Училиштето располага и со Спортската сала “Јордан Пиперката”. Во сите ПУ затоплувањето е со печки на дрва, а во централното училиште е со централно греење на нафта и дрва. Сите училишни згради се обезбедени со чиста вода за пиење. Во составот на зградата во ПУ с. Суводол се вградени санитарни јазли.

Во учебната 2025/2026 година настава ќе посетуваат 335 ученици, или за 1 ученик повеќе од претходната учебна година. Бројот на ученици по одделенија е како следува:

| I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | 31 | 39 | 40 | 34 | **177** | 35 | 37 | 36 | 50 | **158** | **335** |

Воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година ќе ја реализираат 46 вработени како наставен кадар од кој еден од нив е помошник директор со 50% настава, 3 стручни соработници - педагог, психолог, библиотекар и директорот на училиштето.

Административно-финансиските работи и работни задачи ќе се извршуваат со Технички секретар и Благајник. Одржувањето на објектите, хигиената и другите помошни работи ќе ги извршуваат: Хаусмајстор и економ – домаќин, Ложач и одржувач на паркот , 12 Хигиеничари и 1 Стражар-чувар.

## Основно училиште

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | |
| | | | М | ж | М | Ж |
| I | 2 | 25 | 15 | 10 | / | / |
| II | 2 | 25 | 15 | 10 | / | / |
| III | 2 | 29 | 15 | 14 | / | / |
| **I-III** | **6** | **79** | **45** | **34** | | |
| IV | 2 | 30 | 17 | 13 | / | / |
| V | 2 | 28 | 16 | 12 | / | / |
| VI | 3 | 35 | 21 | 13 | / | 1 |
| **IV-VI** | **7** | **93** | **54** | **38** | / | **1** |
| VII | 3 | 37 | 21 | 16 | / | / |
| VIII | 3 | 36 | 20 | 16 | / | / |
| IX | 3 | 50 | 22 | 26 | / | 2 |
| **VII-IX** | **9** | **123** | **63** | **58** | / | **2** |
| I-IX | 22 | 295 | 162 | 133 | / | 3 |

## Подрачни училишта

| Подрачно училиште | Број на ученици по одделенија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | I-V | Бр.на парал. |
| Суводол | 4 | 2 | 2 | 3 | 3 | 14 | 3 |
| Вардино | 2 | / | 1 | 2 | 2 | 7 | 2 |
| Света | / | 3 | 1 | / | / | 4 | 1 |
| Единаковци | / | / | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| Журче | / | / | 2 | / | 1 | 3 | 1 |
| Слепче | 2 | 1 | 3 | 4 | / | 10 | 2 |
| Вкупно | 8 | 6 | 10 | 10 | 6 | 40 | 10 |


| I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | 31 | 39 | 40 | 34 | **177** | 35 | 37 | 36 | 50 | **158** |


## РАСПОРЕД

**Р А С П О Р Е Д**

НА ЗАПОЧНУВАЊЕ И ЗАВРШУВАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ

| час | почнува | завршува | одмор |
|---|---|---|---|
| 1 | 07:50 | 08:30 | 5 мин. |
| 2 | 08:35 | 09:15 | 20 мин. |
| 3 | 09:35 | 10:15 | 10 мин. |
| 4 | 10:25 | 11:05 | 5 мин. |
| 5 | 11:10 | 11:50 | 5 мин. |
| 6 | 11:55 | 12:35 | 5 мин. |
| 7 | 12:40 | 13:20 | |

## Соработка на училиштето со локалната средина

Соработката на училиштето со локалната средина ќе се реализира преку активно вклучување на училиштето во средината, нејзино информирање за постигнатите резултати - ,издавањето на училишниот весник Бисери како и разни други видови соработка. Исто така ќе се зголеми соработката со локалната средина преку посета на објекти во непосредната околина, преку организирање на приредби, разни дефилеа, покана на гости од разни струки и занимања. Училиштето ќе соработува со: семејството на учениците, воспитно-образовните установи, институции и организации од областа на културата, стопанството и други органи и организации.

Одбележување на значајни настани, манифестации, празници, јубилеи

02.09. Ден на ослободувањето на Демир Хисар
08.09. Ден на независноста на Република Северна Македонија
05.10. Ден на учителот
06.10. Детска недела
11.10. Ден на народното востание на Македонија
16.10. ИН мемориам Тоше Проески
23.10. Ден на македонската революционерна борба
08.12. “Св. Климент Охридски”.
Новогодишни празници
04.02. Ден на раѓањето на Гоце Делчев
08.03. Денот на жената
21.03. Ден на Екологијата
01.04. Ден на шегата
Велигденски празници
01.05. Ден на трудот
04.05. Патронен празник на училиштето
24.05. “Св.Кирил и Методиј”

## Подрачја на промени и приоритети

За учебната 2025/26 год. Во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар се предвидени неколку подрачја на промени и приоритети кои ги опфаќаат областите каде би се делувало за подобрување на воспитно образовната работа во целост:

- Стратешка цел: 1. Јакнење на капацитетите на наставниот кадар
- Стратешка цел: 2. Осовременување на наставата преку набавка на наставни средства, помагала и ИТ опрема
- Стратешка цел: 3.Подобрување на условите за работа и естетскиот изглед на училиштето



## Излети и екскурзии

Во текот на оваа учебна година планирани се:

- Еден излет во есен и еден во пролет , за сите учениците во блиската околина во траење од еден ден;
- Еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение;
- Дводневна екскурзија со учениците од шесто оддееление и
- Тродневна екскурзија со учениците од завршно одделение.

Ученичките екскурзии ќе се организираат по посебна програма што ќе ја изготви стручниот тим формиран со одлука на Училишниот одбор, а во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии

## Мулти-културализам – односи меѓу сите структури ( МИО активности)

**Етничката и религиската разнообразност условува потреба од изградба на личности кои се чувствуваат припадници на својата заедница и како такви ги практикуваат правата и одговорностите што таа ги поставува. Меѓуетничката интеграција во образованието ќе придонесе за одржлива интеретничка интеграција во училиштата, а во фокусот на проектните активности ќе бидат учениците, родителите, наставниците, администрацијата и членовите на училишните одбори.**

**Преку активностите, планирано е учениците да се оспособуваат да ги откриваат и почитуваат човековите права и демократски вредности независно од етничката припадност, јазикот полот, бојата, верата; да умеат да ја почитуваат и развиваат сопствената култура и да ги прифаќаат вредностите на другите култури; да придонесуваат за надминување на дискриминација, стереотипни размислувања и предрасуди. Активностите ќе се реализираат со примена на училишни методи и техники за поттикнување на продлабочено учење и меѓусебна соработка.**

**За успешна реализација и следење на активностите за меѓуетничка интеграција се формира Тим за училишна интеграција.**

## Календар за организација на работата на основното училиште

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовна дејност и ученички одмор во учебната 2025/2026 година.
Учебната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.
Наставната година ја сочинуваат 2 полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.
Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година.

За време на зимскиот распуст вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени неработни денови. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.
Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
Во текот на учебната 2025-2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови.
На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации и тој ден е наставен ден кога се изведуваат посебни програми за манифестациите.

## Ученички натпревари.



Ученичките натпревари влијаат на зголемувањето на интересот на учениците кон слободните ученички активности, придонесуваат да се развие натпреварувачкиот дух како и продлабочување и збогатување на знаењата.

Со цел успешно да се реализираат ученичките натпреварите на ниво на стручни активи ќе биде изготвен Календар за организирање на истите во кој ќе биде дефинирана и временска рамка.

На регионалните натпревари ќе се учествува по сите предмети и воспитно-образовни области по кои ќе бидат организирани, а на републички натпревари по предметите и другите воспитно-образовни подрачја по кои учениците ќе се стекнат со право за учество.

## Советување на родителите

Родителот, односно старателот се упатува на советување ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети
- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци ученикот е недисциплиниран
- ученикот го навреди наставникот
- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство
- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување
- ученикот се однесува неморално или неетички
- за кратко време му опадне успехот

Одделенскиот наставник, односно раководител го повикува на советување најмалку еден родител, со покана или преку телефон. Ако поканата се однесува за асоцијално однесување на ученикот, неморално или неетичко однесување пред да се испрати поканата се бара мислење и од Педагошката служба. Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку 8 дена пред одржување на советувањето. Советувањето ќе се врши од стручна служба во училиштето по изготвен распоред. Ако родителот, старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува центарот за Социјални работи.

## Следење, проверување и оценување на постигањата на учениците

Според Законот за основно образование на Република Северна Македонија, постигањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано.

Во првиот период во текот на учебната година учениците се оценуваат описно, додека на крајот од учебната година добиваат свидетелства со описни оценки. Во вториот образовен период, на крајот од учебната година, учениците добиваат бројчани оценки додека на крајот од првото и третото тримесечие и првото полугодие се оценуваат описно. Во третиот образовен период на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, како и на крајот на двете тримесечја, учениците добиваат бројчани оценки.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението.

Ученикот кој не успеал да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година како последица на подолго отсуство од наставата поради болест, преселување и други оправдани причини, по предлог на родителот или по предлог на одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето, а во согласност со родителот може во согласност со родителот да остане во истото одделение за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето.

Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит. За овие ученици основното училиште е должно да организира дополнителна настава во месец јуни, а доколку ученикот по одржаната дополнителна настава не постигнал позитивен успех, се упатува на поправен испит.

Поправните испити ученикот ги полага во месец јуни и август. Доколку ученикот не го положи поправниот испит по еден или по два предмети се задржува во истото одделение. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

Ученикот кој поради болест или поради оправдани и неоправдани причини не ја посетува наставата најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети и нема елементи за оценување, полага одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план.

Начинот на оценувањето и напредувањето на учениците, организирањето и спроведувањето на поправните испити, како и вршењето на интерното и екстерното проверување го пропишува министерот.

Во учебната 2025/2026 година училиштето ќе го следи и проверува начинот на оценување на учениците и особено внимание ќе посвети на критериумите и примена на стандардите на оценување, примената на стратегии, методи,постапки и техники при оценувањето и начинот и инструменти кои ќе се применуваат за проверување на степенот на на постигнатоста на целите.

## Настава

Основното образование е задолжително за сите деца од шест до петнаесет години. Истото трае девет години и се организира во три периоди I-III, IV-VI, VII-IX.

Задолжителната настава ќе биде застапена според Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование.

Непосредното следење на наставата ќе се реализира преку: исполнувањето на обврските на наставниците во поглед на планирањето и подготвувањето на наставата (ревидирање на наставните планови), преку посета на часови, квалитетот на изготвувањето на глобалните, тематските и дневните планирања, дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови, користењето на методите и стандардите на оценување, подобрувањето на употребата на ИКТ во наставата, унапредувањето на наставата по математика и природната група предмети, квалитетот на остварувањето на планирањата од редовната, дополнителната, додатната и другите видови настава и друго;

Следењето на наставата како составен дел на воспитно-образовната работа ќе се реализира и преку користење на разновидни техники и тоа: ќе се користат портфолија, односно досие на проценка кое ќе служи за евалуирање на учениците на основа на собирање на работите кои што ги изработиле учениците. Покрај ученичкото досие за следење и проверување на постигањата на учениците ќе се користат и: листи за проверка, чек листи, листи за самопроценка, инвентари на личноста, прашалници, анегдотски белешки и др.

Наставникот кој ја реализира наставата по наставниот предмет ги задолжува учениците за посета на дополнителна настава. Ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет. Доколку ученикот не ги посетува часовите по дополнителна настава добива неоправдан изостанок. За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува родителот, односно старателот.

**Додатна настава** се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Покрај додатната настава, а со цел градење систем за следење и откривање на надарените ученици ќе продолжи Тимот за работа со талентирани ученици.

Основното училиштето изготвува распоред на месечно ниво за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, и го објавува на огласна табла и на интернет страницата на училиштето.

## Изборна настава

Во согласност со Насоките од МОН и БРО за организирање на наставата во учебната 2025/2026 година, како и можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците во месец мај беше направено анкетирање на учениците за изучување на изборните предмети и тоа:

Учениците во IV, V, VI, VII и VIII одделение можат да изберат слободни изборни предмети согласно новата концепција за основно образование

Во IX одделение учениците избираат еден предмет од листата на понудените изборни предмети: програмирање, техничко образование и вештини на живеење.

Со изборните предмети во основното училиште, на учениците им се нуди можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Секоја учебна година на учениците им се нуди да избираат кои изборни предмети ќе ги изучуваат. Изборот на предмети се врши според спроведени анкети односно со согласност на родителите.

## Дополнителна настава

Согласно измените и дополненијата на Законот за основно образование и Правилникот за начинот на организирање на дополнителната настава во основните училишта ќе биде организирана за ученици кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени програми или од одредени теми во рамките на наставните програми од повеќе причини (болест, подолго отсуство и друго). За успешно организирање на дополнителната настава потребно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на навремена дијагноза за неговите способности и потреби, постигнувања и. т. н.

# ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар

**тел/факс: 047 276-331, 047 202-481**

**email: gocedelcevdh@t.mk**

**Facebook: Гоце Делчев Демир Хисар**

**www.gocedelcevdh.edu.mk**

